РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 07-251/1
Скопје: 06.10.2014

До: **Здружение на приватни лекари на Република Македонија,**
**ул. Народен фронт бр.21 Скопје**

**преку Др. Лилија Чолакова Дервишова**
**ул. Благој Ѓорев 159 Велес**

**Предмет: Доставување на заклучок**

Почитувани,

Во прилог Ви се доставува Заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година.

Согласно член 48 став (6) од Законот за заштита на конкуренцијата доколку некои од податоците побарани со заклучокот претставуваат деловна тајна, претпријатијата се должни истите јасно да ги означат и да го назначат правниот основ за нивното означување како деловна тајна.

Согласно член 48 став (7) при доставувањето на податоци кои претставуваат деловна тајна, претпријатијата се должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават еден примерок со вклучени податоци кои претставуваат деловна тајна (доверлива верзија) и еден примерок во кој ќе бидат избришани податоците кои претставуваат деловна тајна (недоверлива верзија).

Согласно член 48 став (8) доколку претпријатијата не постапат согласно став (7) од истиот член и достават само доверлива верзија на бараните податоци, со означување на податоците кои претставуваат деловна тајна, Комисијата за заштита на конкуренција ќе побара доставување и на недоверливата верзија на бараните податоци во рок од 3 дена од денот на приемот на податоците. Доколку претпријатијата во тој рок не достават недоверлива верзија на бараните податоци, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе смета дека доставените податоци не содржат податоци кои претставуваат деловна тајна.

**Генерален секретар**
**Розана Ванковска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
*КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА*
*Ул.СвКирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Бр. 07- 251/1

Врз основа на член 29 став 3 точка 5 и став 4 како и врз основа на член 49 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на РМ“ бр. 145/2010, 136/2011 и 41/14), Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 06.10.2014 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1. Се задолжува Здружение на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги достави следните документи и податоци:
   - Сите ценовници кои Здружение на приватни лекари на Република Македонија ги има донесено/биле во сила од 2010 година до денот на приемот на овој заклучок и
   - Објаснување на правниот основ за носење на ценовниците.

2. Целта на прибавувањето на податоците е истражување и утврдување на условите и начинот на формирање на цените од страна на приватни лекари во Република Македонија.

3. Бараните податоци да се доставaт во рок од 8 (досум) дена од денот на приемот на заклучокот до Комисијата за заштита на конкуренцијата, на адреса Ул. Св. Кирил и Методиј бр.54 (зграда на Нова Македонија 6 кат), 1000 Скопје.

4. **Недоставувањето на бараните податоци во утврдениот рок или доставувањето на неточни, нецелосни или податоци кои може да ја доведта во заблуда Комисјта за заштита на конкуренцијата претставува прекршок согласно член 61 од Законот за заштита на конкуренцијата.**

### Образложение

Согласно член 49 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, при вршење на овластувањата утврдени со овој закон, Комисијата за заштита на конкуренцијата може со заклучок да побара од претпријатија и здруженија на претпријатија да доставaт податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други потребни податоци.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
*КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА*
*Ул.СвКирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

**Правна поука:** Против овој заклучок не е дозволена посебна жалба, согласно член 49 став 2 а во врска со член 48 став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Генерален секретар**
**Розана Ванковска**